Реден број на прилогот: 47

Прилог бр.3	Предметна програма од прв циклус на студии				
1.	Наслов на наставниот предмет	ХОРТИКУЛТУРА ВО ЗАШТИТЕНИ ПРОСТОРИ			
2.	Код	ФЗНХ 197			
3.	Студиска програма	Заштита на растенијата - Фитомедицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус студии			
6.	Академска година/семестар	Трета година; V семестар	7.	Број на ЕКТС кредити	6
8.	Наставник	Проф. д-р Гордана Попсимонова			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Пожелни се претходни општи предзнаења за биологија на најзастапените комерцијални видови во цвећарството, градинарството и јагодесто овошје, ботаника, физиологија на растенијата и агрометеорологија со агроклиматологија			
10.	Цели на предметната програма (компетенции): Студентите ќе бидат оспособени, преку следење и контрола на микроклиматските услови кои се специфични за оранжериското производство, како и посебните агротехнички мерки кои се применуваат на разни видови во хортикултурата да управуваат со производство во расадници и комерцијални оранжерии кои се занимаваат со производство на цвеќе, градинарски култури и видови овошје кои можат да се произведуваат во оранжериски услови.				
11.	Содржина на предметната програма: Вовед во оранжериско производство, типови конструкции и покривни материјали, оптички и термички каратеристики на покривните материјали. Елементи на микроклиматските услови кои влијаат на физиологијата на растенијата во заштитени простори, времето на цветање и зреење – светлина, топлина, јаглерод диоксид, релативна влажност на воздухот, вентилација, разладување и водно-воздужен режим на подлогата за одгледување. Карактеристични агротехнички мерки за оранжериско производство – разлика меѓу одгледување на почва и контејнерско производство, подготовка и избор на супстрати, нивни физичко-хемиски карактеристики и системи за исхрана и наводнување на растенијата. Расадопроизводство, осврт на генеративно и вегетативно размножување и неопходни услови за комерцијално одгледување расад од градинарски и цветни видови. Основни принципи за одгледување, форсирање и тајмирање на: режен цвет (каранфил, хризантема, гербер, роза, лале и др.) саксиски декоративни видови (цветни и лиснодекоративни видови), зеленчукови култури (домат, краставица и лиснат зеленчук) и јагодесто овошје (јагоди). Интегрална заштита од болести и штетници карактеристични за оранжериско производство. Доработка, подготовка за транспорт, пакување и дистрибуција.				
12.	Методи на учење: Предавања поддржани со компјутерски и видео презентации, ќе се практикуваат дискусии, изработка на групни или индивидуални семинарски работи, студии на случај, консултации, гостин на предавања, одбрана на проектна задача итн. Вежбите ќе бидат аудиториски, лабораториски и теренски. Ќе се практикуваат форуми, дискусии, и консултации.				
13.	Вкупен расположлив фонд на време	6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови			
14.	Распределба на расположливото време	45+30+105 = 180 часови (15.1+15.2+16.1+16.2+16.3)			
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања – теоретска настава	45	часови
		15.2	Вежби (лабораториски, аудиториски, теренски), семинари, тимска работа	30	часови
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	20	часови
		16.2	Самостојни задачи	20	часови
		16.3	Домашно учење	65	часови
17.	Начин на оценување				
	17.1	Тестови		60	бодови
	17.2	Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна)		10	бодови
	17.3	Активност и учество		30	бодови

18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)	до 50 бода	5	(пет)	(F)
		од 51 бода до 60 бода	6	(шест)	(E)
		од 61 бода до 70 бода	7	(седум)	(D)
		од 71 бода до 80 бода	8	(осум)	(C)
		од 81 бода до 90 бода	9	(девет)	(B)
		од 91 бода до 100 бода	10	(десет)	(A)

19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит	
20.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Анонимна анкета на студентите
22.	Литература	

	22.1	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Попсимонова Гордана	Хотикултура во заштитени простори	Работен материјал - скрипта - ФЗНХ, Скопје	2021

	22.2	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Попсимонова Гордана	Основи на заштитени простори	Работен материјал - скрипта - ФЗНХ, Скопје	2020
		2.	Попсимонова Гордана	Производство на зеленчук во заштитени простори	Работен материјал - скрипта - ФЗНХ, Скопје	2020
		3.	Хаџи Пецова С.	Цвеќарство	Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје	2017
		4.	Adel A. Kader	Postharvest technology of horticultural crops	UC Davis	2002